XXVIII 2013
...О КУЛТУРНО ЛЕТО | од 24 ЈУНИ
... CULTURAL SUMMER | до 02 АВГУСТ

# БИОГРАФИЈА

## *МЈУЗИК ПРОГРЕСИВ КВАРТЕТ*

Music Progressive Quartet е камерен музички ансамбл, формиран во 2007 година и во кој членуваат наставниците од Факултетот за музичка уметност при УГД - Штип, обоистот Проф. д-р Владимир Лазаревски , виолинистот Доц. м-р Владимир Крстев, композиторот и виолист Марко Виденовиќ како и челистот Доц. м-р Паскал Краповски. Главна идеја и воедно движечка сила на овие млади музичари беше да донесат нов звук на светската музичка сцена , презентирајќи го успешно македонскиот традиционален фолклор со влијание на модерниот џез, и сето тоа отсвирено оргинално на инструменти кои најчесто се застапени во класичната музика.

Music Progressive Quartet реализираше голем број концерти низ Македонија, како и во странство. Нивниот најзабележителен настап се случи во, октомври 2009 година, во познатиот џез клуб во Виена „Porgy & Bess". Квартетот имаше свој самостоен концерт, како и настап на концертот на познатиот македонски џез музичар Тони Китановски. Портфолиото на квартетот вклучува настапи на фестивали како: „ Blues and Jazz Rallye " во Луксембург, „Balkan music nights" во Конкорд, САД, , „Geza Balazs Gari jazz festival" во Кикинда,Србија, "Денови на словенска писменост" во Москва, "Ensemble studio theatre" во Њујорк, " Droom " Њујорк , "Lilipad" , "Битфест" во Битола, "Modooars" во Скопје и други.

Во 2009 година, квартетот го издаде својот прв носач на звук „Стреам". Квартетот досега имал успешна соработка со повеќе македонски еминентни уметници како што се: Кирил Џајковски, Тони Китановски, Дуке Бојаџиев, Игор Дурловски, Горан Начевски, Гоце Гавриловски и др.
Членовите на квартетот исто така имале свој удел во снимањето како и во оркестрирањето на музиката за неколку познати филмови и тоа: Мајки, Трето полувреме, Балканот не е мртов, Венуто ел мондо со Пенелопе Круз и др.

http://www.mpq.mk